**ООУ „Тоде Хаџи-Тефов“ Кавадарци**

# ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

Република Северна Македонија
ОПШТИНСКО ... УЧИЛИШТЕ
„ТОДЕ ...“
Бр. 03-461/1
27.06 ...19 год.
КАВАДАРЦИ

*П Р О Ц Е Н А*

*На загрозеноста од природни непогоди и*
*други несреќи и мерки за заштита и спасување*

*2019*
*Кавадарци*

## 1.Општи карактеристики

***Локација и големина на комплексот***

Се наоѓа во месна заедница „Браќа Досеви“ на западниот дел од градот во зона во која преовладуваат стамбени објекти. Теренот на кој се наоѓа локацијата е рамен со стабилни геомеханички карактеристики. На северната страна се граничи со ул:„Димитар Влахов“, на југ со ул(нема име), на исток со ул: „Пионерска“ и на запад со ул: „Дешка Тошева“

***Број, големина и каректеристики на објектот***

Комплексот е со 10.000 $m^2$ вкупна површина од која приближно 1.800м2 под објекти. Двата постоечки објекти - училишна зграда (поранешното забавиште), а сега административен дел се долепени еден до друг и практично претставуваат една функционално поврзана целина.

Во комплексот на училиштето се наоѓа и спортска сала која е на југозападната страна и граничи со ул.Дешка Тошева и ул. Безимена. Вкупната површина на салата изнесува 650м2.

***Број и структура на вработените***

Вработени има 85 од кои поголем број на наставници, стручни соработници, раководен кадар и административно-технички персонал.

***Вид на дејноста***

Дејноста е (образовно-воспитна) и тоа основно образование на возраст од 6 до 16 години.

***Патна мрежа***

Пристапни патишта и сообраќајници има, истите се во добра положба и по нив може да се дојде непречено до објектот – училишната зграда.

На северната страна е едносмерната улица"Димитар Влахов" со ширина 2,50м која е поставена паралелно на училиштната зграда на растојание од 10-тина метри,и од која нема директен влез во училишниот двор.

На јужната страна се наоѓа безимена улица со прописна ширина од 5,0м и прописен влез на моторни возила и пристап на истите до асфалтното плато до објектот.

Од источната страна-од кај ул."Пионерска" е обезбеден главниот пешачки пристап -влез и бетоска патека до ООУ, во кој денивелацијата од приближно 1.00м се совладува со неколку скалници.

На западна страна пристап на моторни возила до границата на училиш-
ниот двор(металната ограда на растојание од објектот од приближно 60м)е обезбеден преку ул."Дешка Тошева" која е со прописна ширина од 5м(нема никакви влезови).

***Водовод, канализација и хидрантска мрежа***

Водоводната, канализационата и хидрантската мрежа ги задоволуваат потребите и влијаат на мерките за заштита и спасување.

Хидрантската мрежа има капацитет за гасење на пожар.

Поплави нема и не се предизвикуваат, а атмосферските води се со доволен капацитет за да истекуваат.

## 2, Процена по мерките за заштита и спасување

### *2,1, Евакуација*

Евакуацијата на учениците и вработените би се вршела во случај на појава на пожари од поголеми размери и опасност од урнатини како последица на земјотреси или воени дејства.

-Во дадена ситуација на евакуација-преместување на побезбедно место ќе подлежат околу 415 лица од кои 30-35 вработени и околу 380 ученици;

-Се проценува дека во кругот на училишниот двор и постоечките игралишта(ракометно,кошаркарско и др.) постојат поволни места (локации) за прифат на евакуираните лица ,пришто не се потребни некои посебни мерки за уредување на истите(што зависи могу и од годишното доба и моментните климатските прилики.

-При пosложени ситуации,најверојатно ќе има потреба и од помош од страна на одговорните субјекти за ЗС во општината-републиката.

### *2.2. Засолнување*

Со оглед да генералната загрозеност од воени дејства е мала,а од друга страна што општина Кавадарци се наоѓа во зона со низок степен на загрозеност (III-та зона),воената загрозеност на ООУ "Тоде Хаџи-тефов"е релативно мала,но во секој случај целосно не треба да се исклучи.

-При евантуална загрозеност од воени дејства,бројот на лицата што треба да се засолнат(ученици и вработени) е ист како и при вршрњето на евакуацуја на истите;

-Со оглед да не се располага со прописно и уредено засолниште,при евентуална потреба би се користеле постоечките подрумски простории со претходно соодветно адаптирање,за што постојат поволни услови.

-Носители на мерката засолнување би биле дел од наставниците кои за тоа би биле задолжени во рамките на планот за ЗС.

Во мирновремени услови не постои реална загрозеност од РХБ опасности (со исклучок на хаварија од потежок степен на некоја од нуклеарните централи во соседните или земји од блиското октружување),а исто се проценува дека и во воени услови истата е мала и незнатна.

-Степенот на обученост за РХБ заштита на вработениот персонал и учениците е на ниско ниво;

-Не се располага со средства за лична и колективна заштита ,поради што тежиште би се дало на користењето на месни и приручни средства за заштита и помошта на одговорните специјализирани органи за РХБ заштита.

Генерално земено ,загрозеноста на луѓето (учениците,вработените и случајно затекнатите странки) и објектите од уривање и затрупување е мала.

Во мирновремени услови таа може да биде како последица на појави-земјотреси,а во воени услови како последица на воени дејства-воздушни напади,артилериско оружје и др.

Основниот објект(училишната зграда) кој е изграден пред приближно 50години(пуштен е во употреба 1961/62г.) претставува масивна конструкција со ѕидарија од печена тула и армирано бетонски хоризонтални и вертикални серклажи и арм.бет.меѓукатни плочи,што не обезбедува доволен степен на сигурност од сеизмички потреси кои се можни во сеизмичката зона во која се наоѓа општината односно градот Кавадарци ( со сеизмичност од 8-9 степени по Макросеизмичката скала).

Последиците од евентуалните земјотреси,не е можно точно да се предвидат,но при земјотреси со посилен интензитет истите сигурно не би биле мали

Во близина на локацијата на училишниот коплекс нема реки и акумулации ,поради што е исклучена можноста од појава на поплави од поголеми размери.

Исто, се проценува дека можноста за појава на поплави како последица од поројни дождови е мала,со оглед на регулираноста на одводот на атмосверските води,како во дворното место,така и во околните сообраќајници-со прописна канализација, асфалтирани коловози и дворни површини со прописни наклони.

Во овој дел,превентивно треба да се изведе прописен (повисок) тротоарски ивичњак на дворното плато од јужната страна од објектот-заради спречување на евентуално преливање на атмосверските води  во подрумските простории.

Воедно,потребна е и редовна контрола(и евентуална поправка) на покривната конструкција на објектот.

Степенот на загрозеност од пожари се проценува дека е мал.Евентуално, пожар може да биде предизвикан од невнимание,или од неисправност на електроинсталацијата во објектите која во поголем дел е монофазна и од постаро годиште.

-Осетливоста на објектите на пожар е релативно мала со оглед да истите се од масивен тип- изведени од тешко горлив материјал(печена тула, бетон и армиран бетон).Исклучок претставува дрвената кровна конструкција,но územ поволен момент кај истата што лежи врз армирано бетонска таванска плоча,систем "Авраменко"кај која електроинсталацијата е водена од долната страна(меѓу а.б.ребра).

Во подрумскиот дел на објектот е сместена котлара за парно греење на суво гориво(пелети) со површина од приближно 40м2,кај која покрај подот и таванската плоча  и преградните ѕидови се изведени од бетон,поради што е намалена можноста за брзо ширење на евентуалниот пожар.

-Се проценува дека нема потреба од формирање на посебна единица за заштита и спасување од пожари,односно дека потребно формирање на универзално одделение за заштита и спасување (ЗС) кое покрај за гасење на почетни пожари би било наменето за давање на прва медицинска помош и расчистување урнатини од помали размери. -Опременоста со опрема и средства за гасење на пожари во ООУ е релативно добра.Се располага со  8  ПП апарати и  2  внатрешни хидранти,кои се распоредени во подрумот и катовите на објектот.Во непосредна близина на ООУ нема   надворешен ПП хидрантски приклучок за снабдување со вода при гасење на пожари освен фонтаната.

-Постоечките сообраќајници околу училишниот комплекс,пристапите и  внатрешната уреденост и комуникативност на дворното место овозможуваат непречен и ефикасен пристап и интервенција на ПП возила,механизација и ангажирани сили за гасење на пожари.

Нема некои поголеми можности природните  непогоди,епидемии и други несреќи позначајно да влијаат на хигиено- епидемиолошката ситуација во училиштето.

Хигиено-епидемиолошката состојба постојано се следи и се преземаат потребните превентивни мерки за заштита.Редовно се врши дизинфекција на просториите,анализа на водата и систематски прегледи на вработените и учениците.

Училиштето располага со основните средства за давање прва медицинска помош,а за нивна примена оспособен е дел од наставниот кадар(за интервенции при полесни повреди и сл.),со напомена дека во наредниот период е потребна дополнителна обука од страна на соодветни стручни служби (здраствени установи,Црвен крст или ЦО при ДЗС).

**3. Потреба и можности за организација и раководење со заштита и спасувањето и организирањето на силите за заштита и спасување**

Со оглед да се работи за заштита и спасување на установа од јавен карактер со континуирано присуство на голем број деца-ученици, организи-рањето и раководењето со заштитата и спасувањето од голема потреба и значење.

Спрема проценетиот степен на загрозеност од природни непогоди и други несреќи во рамките на училиштето формирана е една универзална единица за ЗС во јачина на одделение со бројност од 13 припадници (1 командир и 3 екипи по 4 извршители) чиј персонален и материјален состав е даден во Планот за ЗС.Истата,со извршувањето на потребната основна обука се оспособи за гасење на почетни пожари,давање ПМП и ЗС при помали урнатини.

Освен наведената единица за ЗС,обврска за учество во акциите за ЗС имаат и сите вработени во училиштето,од кои одреден број се распоредуваат во поеделните екипи за реализација на предвидените соодветни мерки во Планот за ЗС
( евакуација,засолнување,ПМП и др.).

Од наведеното произлегува дека организацијата и раководењето со ЗС и силите за ЗС би се одвивало на релација:Директор-заменик-одговорно лице за ЗС-командир на универзално одд.за ЗС-екипи одговорни за спроведување на мерките за ЗС –останати вработени.Се проценува, дека со поголема посветеност на проблематиката на ЗС во наредниот период,организацијата и раководењето со ЗС во ООУ "ТХТ" ќе се сведе на потребното ниво.

**4. Оспособеност на субјектите за заштита и спасување**

Спроведена е обука на единиците за ЗС, а посебно на командирот и истите се оспособени за заштита и спасување

**5. Оспособеност на вработените за превземање на лична и заемна заштита и за спроведување на поединечните мерки за ЗС**

Оспособеност на вработените за користење на расположивите средства за лична заштита.

- Процена на наставните планови и програми, кадровските потенцијали и други показатели кои се од важност за обучувањето и оспособувањето.
- Проценка на материјалите и други можности и опременоста на вработните за изведување акции за ЗС

Директор:

Кавадарци

Марија Трајкова